Blu-ray Disc™/DVD систем за домашно кино

BDV-N890W
BDV-N790W

# МК Започнете овде

## Упатство за брз почеток



BDV-N790W



BDV-N890W

# 1 Што има во кутијата/Поставување на звучниците

# 2 Поврзување на телевизорот

# 3 Поврзување на други уреди

# 4 Брзо поставување преку екран

# 5 Репродукција на диск преку користење на другите функции

BDV-N890W




BDV-N790W




- A Главен уред
- B Предни звучници
- C Звучници за звук во опкружувањето
- D Централен звучник
- E Сабвуфер
- F Засилувач на звукот во опкружувањето

## Што има во кутијата

Кабли за звучник
(BDV-N890W)



Капаци за долната страна на звучниците (2)
(BDV-N890W)



Завртки (2)
(BDV-N890W)



Завртки (6)
(BDV-N890W)



Далечински управувач



Батерии R6
(големина AA) (2)



Жична FM-антена
(воздушна)



или



Микрофон за калибрација



Држач за iPod/iPhone



(TDM-iP30)

Видео кабел



USB-кабел



Безжични
трансивери (2)



# 1

**Започнете со поставување на звучниците соодветно на ознаките на задниот панел.**



**Потоа, поврзете ги звучниците со главниот уред и засилувачот на звукот во опкружувањето.**

За BDV-N890W, погледнете се на дадениот „Водич за поставување на звучниците“ за составување на звучниците.



# 1

**Вметнете ги безжичните трансивери во главниот дел и засилувачот на звукот во опкружувањето за едноставна, безжична врска.**






# 2

**За да уживате во видео и аудио со висок квалитет, најдобриот метод е да се поврзете преку HDMI-кабел со голема брзина Ⓐ (не се доставува).**

Ако телевизорот нема приклучок за HDMI ARC, ќе ви треба и дигитален оптички кабел Ⓑ (не се доставува) за да уживате во звукот од телевизорот преку звучниците на системот.



# 3

За да ги поврзете телевизискиот приемник, конзолата за игри или дигиталниот сателитски приемник, едноставно поврзете со кабел за HDMI. A

За FM-радио, поврзете ја дадената жична антена (воздушна) и издолжете ја за најдобар прием. B

Исто така, можете да поврзете iPod или iPhone со системот и телевизорот преку дадената база. C






**Може да се поврзете со интернет и со домашната мрежа користејќи безжичен LAN или кабел за LAN (не се доставува).**

Мрежните поставки може да се најдат во почетното мени (страница 14).
За повеќе детали, посетете: http://support.sony-europe.com/



# 3

**Поврзете ги каблите за напојување со наизменична струја на главниот уред и засилувачот на звукот во опкружувањето во ѕиден штекер (главен вод).**



# 4

**Поврзете го микрофонот за калибрација и поставете го каде што вообичаено седите.**

Ќе се искористи за да се оптимизираат звучниците во следното поглавје за да ви се овозможи најдоброто можно искуство за звук во опкружувањето. Овој микрофон може трајно да се отстрани штом ќе ја завршите поставката.



# 4

**Притиснете I/⏻ за да го вклучите системот. „SETUP“ се појавува на приказот на предниот панел.**

**За да го подготвите системот за употреба, можете да ги поминете почетните поставки на екранот преку доставениот далечински управувач. Ова ќе трае само неколку минути.**

Ако екранот за поставување не се прикажува, изберете го точниот AV-влез на телевизорот.

**Штом ќе ја видите пораката на екранот, [Easy Initial Settings are complete.] (Лесните првични поставки се завршени.), изберете [Finish] (Заврши) и системот е подготвен за употреба.**








# 5

**Едноставно внесете диск во отворот со обележаната страна напред за да репродуцирате диск. Притиснете ⏏ за да го извадите. Индикаторот за LINK/STANDBY за засилувачот на звукот во опкружување ќе стане зелен.**

Ако репродукцијата не започне автоматски, изберете ⦿ во категоријата 🎞 [Video] (Видео), ♫ [Music] (Музика) или 📷 [Photo] (Фотографија) и притиснете ⊕.

**Уживајте!**






**Едноставно притиснете HOME за пристап до повеќе функции.**

Примери:

- **A** Слушајте радио преку звучниците на системот
- **B** Претходно зачувани радио станици
- **C** Пристап до содржини на интернет
- **D** Репродукција на содржини од iPod или iPhone преку звучниците на системот




**Преку ова мени можете да направите мрежни поставки кога главниот уред е поврзан со широкопојасен рутер.**

### Претходно меморирање на радио станици

1. Постојано притискајте на FUNCTION сè додека „FM" не се појави на приказот на предниот панел.
2. Притиснете и задржете TUNING +/– сè додека не почне автоматско скенирање.
3. Притиснете OPTIONS.
4. Притиснете ↑/↓ за да изберете [Preset Memory] (Претходно поставена меморија), потоа притиснете ⊕.
5. Притиснете ↑/↓ за да го изберете претходно поставениот број што го сакате, а потоа притиснете ⊕.
6. Повторете ги чекорите 2 до 5 за да меморирате други станици.

### Избор на претходно зачувана радио станица

1. Постојано притискајте на FUNCTION сè додека „FM" не се појави на приказот на предниот панел.
2. Постојано притискајте на PRESET +/– за да ја изберете претходно поставената станица.

BDV-N890W




BDV-N790W



## Решавање проблеми

Ако искусите некои од следните тешкотии додека го користите системот, користете го ова упатство за решавање проблеми за да ви помогне да го решите проблемот пред да побарате поправки.
Погледнете го и Упатството за работа на следната интернет-страница: http://support.sony-europe.com/

**Напојувањето не се вклучува.**

→ Проверете дали кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод) е безбедно поврзан во ѕиден штекер (главен вод).

**Системот не работи нормално.**

→ Исклучете го кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод) од ѕидниот штекер (главен вод), потоа повторно поврзете го по неколку минути.

**Системот не емитува звук на ТВ-програма кога е поврзан со телевизискиот приемник.**

→ Проверете го поврзувањето.
→ Изберете го правилниот влез на системот со којшто е поврзан телевизискиот приемник.

**Нема звук или безжичното емитување не е активирано.**

→ Проверете го статусот на индикаторот за LINK/STANDBY на засилувачот на звукот во опкружувањето.

- Се исклучува.
  - Проверете дали кабелот за напојување со наизменична струја (главен вод) на засилувачот на звукот во опкружувањето е безбедно поврзан.
  - Вклучете го засилувачот на звукот во опкружувањето со притискање **I**/⏻ на засилувачот на звукот во опкружувањето со притискање.
- Брзо трепка зелено.
  - ① Притиснете **I**/⏻ на засилувачот на звукот во опкружувањето. ② Вметнете го правилно безжичниот трансивер во засилувачот на звукот во опкружувањето. ③ Притиснете **I**/⏻ на засилувачот на звукот во опкружувањето.
- Трепка црвено.
  - Притиснете **I**/⏻ за да го исклучите засилувачот на звукот во опкружувањето и проверете ги следните делови.
    ① Дали + и – каблите на звучникот имале спој?
    ② Дали нешто ги блокира отворите за вентилацијата на засилувачот на звукот во опкружувањето?
    Откако ќе ги проверите горепосочените ставки и ќе ги решите проблемите, вклучете го засилувачот на звукот во опкружувањето. Ако проблемот не може да го најдете дури и откако ќе ги проверите сите делови наведени горе, консултирајте се со најблискиот продавач на Sony.
- Бавно трепка зелено или портокалово или преминува во црвено.
  - Осигурете се дека безжичниот трансивер е правилно вметнат во главниот дел.
  - Емитувањето на звук е лошо. Поместете го засилувачот на звукот во опкружувањето така што индикаторот за LINK/STANDBY ќе премине во зелено или портокалово.
  - Поместете го системот подалеку од другите безжични уреди.
  - Избегнете користење на други безжични уреди.
- Преминува во зелено или портокалово.
  - Проверете дали звучниците се поврзани.

**Дискот не се репродуцира.**

→ Кодот за областа на дискот не соодветствува со системот.
→ Има кондензирана влага на леќите во главниот уред. Отстранете го дискот и оставете го главниот уред да биде вклучен околу половина час.
→ Дискот не е финализиран правилно.

## Намалување на користењето на струја на помалку од 0,3 W во режимот на подготвеност

Притиснете HOME, а потоа притиснете ←/↑/↓/→ за да изберете [Setup] (Поставки) во [System Settings] (Системски поставки).
Проверете дали се направени следните поставки:

- [Control for HDMI] (Контрола за HDMI) во [HDMI Settings] (HDMI Поставки) е поставено на [Off] (Исклучено).
- [Quick Start Mode] (Режим на брз почеток) е поставен на [Off] (Исклучено).

AVCHD™
3D/Progressive

MAGNETIC FLUID SPEAKER

SUPER AUDIO CD

Blu-ray 3D™

dlna™ CERTIFIED™

gracenote.

R·D·S

HDMI

BD LIVE™

DVD VIDEO™

Blu-ray Disc™

COMPACT disc DIGITAL AUDIO

DOLBY. TRUE HD DIGITAL PLUS

dts-HD®

Java™ POWERED

# Ова упатство за брз почеток штеди хартија

За да се зачуваат природните богатсва, Sony драстично ја намали употребата на хартија со тоа што веќе не вклучува целосно печатени упатства.
Сепак, целосните упатства за работа и повеќе може да се најдат на интернет:

## http://support.sony-europe.com/

4-418-168-12(1) (MK)

*4418168 12* (1)

©2012 Sony Corporation